МЕТА[redacted]

Фондација за интернет и општество

( Образец ПП......)

До Локалните самоуправи во Северна Македонија
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Буџет на општината (приходи и расходи) за последните десет години, односно во периодот од 2011 година до 2021 година
2. Список на советници на општината, во кој се наведени: нивно име и презиме, политичка партија, e-mail, телефонски број, образование, занимање, мандат (прв, втор, трет, итн.), фотографија, кратка биографија (CV). Доколку има и други податоци за советници, ве замолуваме да ги додадете и нив.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил ([redacted])**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

Назив: [redacted]
адреса: [redacted]
телефон: +[redacted]
е-пошта: [redacted]
(назив, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Северна Македонија

Датум 30.12.2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 13-47/2
17.01 2022 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 11.01.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со буџетот на општината и податоците за членовите на советот на Општина Демир Хисар, целосно се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со буџетот на општината и податоците за членовите на советот на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 11.01.2022 година под архивски број 13-47/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

1. Информација за буџетите на Општина Демир Хисар и
2. Податоци за членовите на советот на Општина Демир Хисар.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 17.01.2022 година, под бр. 13-47/2.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

______________________

## 1. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Во Вашето барање под реден број 1 (еден) имате наведено дека предмет на Ваш интерес е Буџетот на Општина Демир Хисар (приходи и расходи) за последните десет години, односно во периодот од 2011 година до 2021 година.

Ве информираме дека во духот на проактивната транспарентност, Општина Демир Хисар овие податоци ги има поставено на службената интернет страница на општината и истите се достапни на следниов линк:

https://demirhisar.gov.mk/e-opstina/budzet-drugi-finansiski-dokumenti.html

## 2.Податоци за членовите на советот на Општина Демир Хисар.



Љупчо Најдовски

Политичка партија: Движење „Одлучно за промени“ ЛДП/ДОМ

e-mail: najdovskilupco@gmail.com

Телефон: 077 937 362

Образование: ССС

Занимање: Машински техничар

Мандат: Втор

Кратка биографија: Роден на 07.04.1957 година. По завршувањето на средното училиште работел во неколку приватни и општествени претпријатија Во Демир Хисар и Крушево а потоа ја основал и успешно ја водел приватното претпријатие ДООЕЛ „НИОЛ Трејд“ Демир Хисар. Бил одборник во Општина Демир Хисар 1990-1996 година и Градоначалник на Општина Демир Хисар 2005-2009. Исто така бил и претседател на Ловното друштво Елен Демир Хисар.Моментално е пензионер.



Марина Димитријовска

Политичка партија: Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ

e-mail: marina_dimitrijovska@yahoo.com
Телефон: 071 860 422
Образование: ВСС
Занимање: Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност
Мандат: Прв

Кратка биографија: Родена е 1984 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Демир Хисар. Дипломирала на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” при универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје стекнувајќи се со стручен назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Вработена е во ЈЗУ „Психијатриска болница Демир Хисар“ како технички секретар.



Сашо Михајловски

Политичка партија: Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ

e-mail:: mk.072256672@gmail.com

Телефон: 072 256 672

Образование: ВШС

Занимање: Земјоделски инженер

Мандат: Прв

Кратка биографија: Роден е 1964 година во Мургашево, Демир Хисар. Основно и средно образование завршил во Демир Хисар. Дипломирал на високата земјоделска школа во Битола. Вработен е во ДООЕЛ "Мисириан".



Ивана Кочовска

Политичка партија: Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ

e-mail:: ivana.kocovska93@gmail.com

Телефон: 075 738 452

Образование: ВСС

Занимање: Магистер по правни науки-казнена насока

Мандат: Прв

Кратка биографија:Родена е 1993 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Демир Хисар. Дипломирала и магистрирала на Правен Факултет – Битола и се стекнала со звање м-р на правни науки –казнена насока. Вработена е во ЈЗУ „Психијатриска болница Демир Хисар" како соработник за правни работи.



Јордан Кромидаровски

Политичка партија: Коалицијата Најдоброто за

мојата општина предводена од СДСМ

e-mail: kromidarovski@hotmail.com

Телефон: 070 237 061

Образование: ССС

Занимање: Општа гимназија

Мандат: Прв

Кратка биографија: Роден е 1963 година во с.Смилево, Демир Хисар. Основно образование завршил во с.Смилево а гимназија во Битола. Управител е и сопственик на ДООЕЛ „СТЕЛА ТРАНС“ Смилево, основана уште во 1999 година.



Јасмина Јовановска

Политичка партија: Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ (НСДП)

e-mail: Jovanovska987@hotmail.com

Телефон: 075 880 810

Образование: ВСС

Занимање: Дипломиран инженер по преработка на анимални производи

Мандат: Прв

Кратка биографија:Родена е 1987 година во Битола. Има завршено средно медицинско училиште-насока лабораториски техничар во Битола. Високо образование завршила на Универзитетот „Св.Климент Охридски“, Битола при факултетот за биотехнички науки и се стекнала со назив дипломиран инженер по преработка на анимални производи, а исто така се здобила со педагошка доквалификација за наставник. Вработена е како фармацевтски техничар во ПЗУ „ДЕХИ ФАРМ“ Демир Хисар.



Аце Јанкуловски

Политичка партија: ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата обнова на Македонија

e-mail: acejankulovski@hotmail.com

Телефон: 075 644 747

Образование: ВСС, Дипломиран учител

Занимање:Одделенски наставник

Мандат: Прв

Кратка биографија: Роден на 24.03.1985 година во Битола. Основно и средно образование завршил во Демир Хисар. Дипломирал на Универзитетот Св..Климент Охридски'-Педагошки факултет Битола. Вработен е во ООУ „Гоце Делчев",како одделенски наставник.



Сандра Пејковска

Политичка партија: ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата обнова на Македонија

e-mail: spejkovska07@gmail.com

Телефон: 071 381 820

Образование: ВСС

Занимање: Магистер по правни науки – граѓанско право

Мандат: Прв

Кратка биографија: Магистер по правни науки – граѓанско право, 5 години работно искуство на правни работи и човечки ресурси. Завршени обуки за човечки ресурси, закон за јавни набавки, закон за облигациони односи, закон за работни односи, закон за вработени во јавен сектор, закон за административни службеници и други закони од македонското законодавство и учество на работилници од приватен и јавен сектор. Моментално вработена како правник во приватен сектор.



<u>Валентин Несторовски</u>

Политичка партија: ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата обнова на Македонија

(ПОДЕМ)

e-mail: vakteomanu@yahoo.com
Телефон: 075 296 618
Образование: Студент на висока медицинска школа Битола, насока физиотерапевт
Занимање:Општа гимназија
Мандат: Прв

Кратка биографија: Роден на 15.06.1987 година, живее во село Утово, Општина Демир Хисар. По завршувањето на средното гимназиско образование моментално студира на Високата медицинска школа во Битола, насока физиотерапевт. Работи во семеен бизнис почнувајќи од 2014 година. Активен е во НВО секторот.



<u>Филип Ангелевски</u>

Политичка партија: ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата обнова на Македонија

e-mail: angelevskifilip966@gmail.com

Телефон: 075 775 319

Образование: Студент на МИТ, насока безбедност

Занимање: Природно-математичка гимназија

Мандат: Прв

Кратка биографија: Роден на 19.03.1996 година. Живее во Демир Хисар. По завршувањето на средното образование, моментално е студен на Универзитетот МИТ, насока безбедност. Вработен е во Кромберг и Шуберт Битола, како оператор во производство.



Александра Трајковска

Политичка партија: ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата обнова на Македонија

e-mail:: aleksandra355314@yahoo.com

Телефон: 071 355 314

Образование: ВСС

Занимање: Дипломиран правник

Мандат: Прв

Кратка биографија: Родена 03.11.1988 г. во Битола, место на живеење Сопотница. Средно образование медицинско - забен техничар. Високо образование дипломиран правник - административно право и јавна администрација. Вработена во ДООЕЛ„Дадем Промет“ Сопотница